# Политика за квалитет и безбедна вода за пиење

Унапредувањето на корпоративниот имиџ, задоволување на потребите на корисниците, чувањето на интересите на претпријатието, постојано усовршување на своите вработени, својот деловен успех и понатамошен развој заснован на реални основи се во постојана визија на

***Ј.П Водовод и Канализација – Скопје***

Својата визија ***Ј.П Водовод и Канализација - Скопје*** пред се, ја поставува кон врвен квалитет и безбедност на своите услуги и производи кои во потполност ќе ги исполнуваат:

- Барањата и очекувањата на корисниците и обезбедувањето на нивно задоволство,
- Барањата на важечките закони и прописи,
- Барањата за безбедност на водата за пиење,
- Сопствените барања и цели.

Поставените цели ***Ј.П Водовод и Канализација - Скопје*** ќе ги реализира со воведување и доследна примена на:

- Систем за менаџмент со квалитет според стандардот **ISO 9001:2015**
- Систем за безбедна вода за пиење според стандардот **ISO 22000:2018**

Основата на применетите системи ја претставуваат:

- Оспособеноста на вработените,
- Јасната одговорност на секој поединец и на сите функции и
- Обезбедувањето на сите потребни ресурси.

Заради остварување на овие цели, личниот придонес и напорите на сите вработени треба да бидат насочени во мисија за:

- Обезбедување на најдобро можно водоснабдување и одведување на атмосферските и фекални води за сегашните и идни корисници на услугите на нашето претпријатие;
- Обезбедување на квалитет како основа на сите активности во претпријатието и доследна примена на системите за квалитет;
- Работење кое ќе биде системски сообразно со документацијата на системите за квалитет, поради спречување на појава на несообразност, континуирана безбедност на водата за пиење, како и намалување на загубите;
- Професионална комуникација во градењето на вистински партнерски однос со корисниците на услугите на претпријатието и добавувачите;
- Постојана проверка и преиспитување на ефикасноста и ефективноста на сопствената работа и предлагање на подобрувања;
- Унапредување на сите деловни и меѓусебни односи на вработените во претпријатието.

Скопје,
Февруари 2023

в.д. Директор,

м-р Драган Илиевски

-----------------------------------